ПОГЛЕДИ МИСЛЕЊА

## МАКЕДОНСКА АКАДЕМИЈА НА НАУКИТЕ И УМЕТНОСТИТЕ·

# ЕЛИТНО НО РАБОТНО ТЕЛО

КОН ИСКАЖУВАЊАТА за можноста да се основа Македонска академија на науките и уметностите, се придружува и д-р Ѓорѓи Шоптрајанов, редовен професор на скопскиот Универзитет.

Професорот д-р Ѓорѓи Шоптрајанов е прв научен работник во Републиката кој има својство на дописен член на академијата на науките. Пред десет години, избран е за дописен член на академијата на науките, книжевностите и уметностите во Безансон, а освен тоа, во исто својство се наоѓа и при Академијата на науките, уметностите и книжевностите во Дижон. Тој е член и

**... „Присутен е Универзитетот со својата дејност и активност на посебни научни институти во него или надвор од оваа институција. Меѓутоа, потребно е не само поврзување на тие институти, туку и организирање на насочена и програмирана активност. Од ова произлегува дека Македонска академија на науките и уметностите не само што е потребна, туку таа се јавува како иден фактор ...“**

на околу 12 странски научни друштва. Освен професорот Шоптрајанов, во Републиката има уште двајца дописни члена на постојните академии во земјата: Блаже Конески и Харалампие Поленаковиќ.

Во своето искажување, професорот д-р Ѓорѓи Шоптрајанов се задржува на неколку интересни прашања:

■ Дали постои конкретна научна проблематика во Републиката што би била еден од уловите за основање на Македонска академија на науките и уметностите.

■ Какви категории академии постојат во светот, со каква насоченост се и во зависност од тоа, каква би требало да биде Македонската академија на науките и уметности (МАНУ).

■ Која сé проблематика е приоритетна за проучување, доколку дојде до основање на МАНУ.

1.

МАКЕДОНИЈА од секогаш била интересно подрачје за научни проучувања од секаков вид. Постои и определена научна проблематика која допрва треба да се обработува и формулира, не само во статии и белешки, накусо речено — во парцијални трудови, туку, на организиран систематски начин. Универзитетот, за чие организирање и оформување се разговараше и дискутираше уште во времето кога Македонија не беше во целина ослободена, со своето дваесетогодишно постоење, си го најде своето место и ја одигра својата главна задача, особено во времето кога во Македонија немаше многу кадар. Универзитетот, поради карактеристиките на својата работа, независно од неговите несомнени заслуги, има и извесни во однос на научната работа, недостатоци. Тоа произлегува од фактот што Универзитетот е, пред сé, наставно-научна установа, која како таква и статутарно е задолжена да ја развива оваа дејност. Инаку, во кадровска смисла, Универзитетот е хетерогена установа.

Бидејќи постои одредена научна проблематика која треба да се обработува на систематизиран начин, со примена на современи научни методи и со сета опрема што таа работа ја побарува, се налага основање на друг вид установа — а тоа е МАНУ. Има суштествени разлики меѓу МАНУ и Универзитетот. Оттаму ќе произлезе и суштествена обработка на научната проблематика што е во директна врска со Македонија и не само со неа.

МАНУ, по својот состав би била хомогена установа, организирана од врвни специјалности, признаени научни работници за кои подготовката и методологијата, не само што не претставуваат проблем, туку се фактор кој гарантира квалитетна научна работа.



Јирџи Панек: „СИВДА БАБА“

Се работи за стручњаци кои во составот на ова работно тело, во доменот на МАНУ, со опробаност, сигурност, ќе се зафатат со одговорна научна работа што квалитетно и ќе ја завршат.

2.

АКАДЕМИИТЕ на науките во сите земји се организираат за да извршат извесни определени научни задачи. Во исполнувањето на тие задачи, тие се делат на две категории. Едните од нив се претежно репрезентативни — елитни тела.

Освен што влегуваат во составот на академиите, претставуваат признание за заслугите во одредени научни дисциплини, сепак, членовите, во рамките на академијата треба да допринесат и за исполнување на научни, однапред одредени цели. Од тоа произлегува дека дури и во ваков вид академии, постои определена и насочена научна дејност, и тоа обично преку комисии кои се ориентирани, главно, на извесни области — дисциплини кои се во непосредна врска со областа во која тие се наоѓаат. Во западните земји преовладува ваков тип академии.

Постојат и други видови академии кои со исто така елитни, репрезентативни но, истовремено, претставуваат и работни тела. Во нив се одвива одредена и насочена и, главно, програмирана научна активност, преку институти, лаборатории, заводи и слично. Во источните земји преовладува овој тип академии и тие многу допринесоа за развитокот на научната мисла, воопшто, во сите овие земји.

Во однос на обработување на научната проблематика во Македонија, ние се наоѓаме во положба во која е присутен Универзитетот со својата дејност и активност на посебни научни институти во него или надвор од оваа институција. Меѓутоа, ми се чини, потребно е не само поврзување на тие институции, туку и организирање на насочена и програмирана активност за решавање на научните проблеми. Од ова произлегува дека МАНУ не само што е потребна, туку таа се јавува како иден фактор за обединување и поврзување на овие институции и обезбедување на таа програмирана активност. Според тоа, по мое мислење, МАНУ би требало да биде елитно-работно тело.

МАКЕДОНИЈА изобилува со ретки минерални и рудни богатства, па, поради тоа, на пример, би требало да се преземат геолошко-рударски истражувања и проучувања врз чија основа би се изработиле соодветни геолошки карти. Интересно е и климатското подрачје, бидејќи Македонија во тој однос е на крстопат меѓу Медитеранот и континенталните влијанија, со карактеристично поднебје, со богата фауна и флора и слично. Македонија е интересна и како сеизмолошко подрачје, па во неа би требало, а веќе е и основан соодветен институт, да се продолжи со оваа, за нас нова научна дисциплина. Плодно поле за работа и, секако, една од приоритетните научни области за евентуалната МАНУ се и хуманитарните науки. Историјата на Балканот е мошне динамична, со многубројни реперкусии и слично, што сé е веќе предмет на една обемна работа на Институтот за национална историја, кој ги има предвид сите тие специфичности на нашето минато. Сето тоа бара и системна научна обработка.

Оттаму потекнуваат и демографските проблеми, симбиозата на разни народи и народности, вркстувања, многу области интересни за повеќе научни дисциплини, социологија, етнологија, фолклор, географија и други. Оттаму, секако, и бројни лингвистички проблеми на нашето подрачје што, исто така, е предмет на работата на Институтот за македонски јазик кој постигна видни научни резултати. Особено значајна е лингвистичката проблематика во врска со научната дисциплина балканологијатапотем проблематиката на библиографски трудови. Јазичната симбиоза дошла до израз токму во Македонија па затоа, сметам токму Македонија треба да биде центар на балканолошки проучувања.

Има уште низа приоритетни научни области кон кои би пристапиле членовите на евентуалната Македонска академија на науките и уметностите, така што, нејзиното основање се оправдува и налага.

Проф. д-р Ѓорѓи ШОПТРАЈАНОВ

# Блаже Конески-претседател на Македонската академија на науките и уметноста

**— Потпретседател на Академијата е д-р Харалампие Поленаковиќ, а секретар д-р Ѓорѓи Филиповски**

**— Денес во Скопје седница на Претседателството на Советот на академиите на Југославија**

**Вчера во Собранието на СРМ се одржа седница на Матичната комисија за формирање на Македонската академија на науките и уметноста под претседателство на д-р Милан Бартош, на која е извршено конституирање на МАНУ.**

На оваа седница за претседател на Македонската академија на науките и уметноста е избран Блаже Конески, редовен професор на Филозофскиот факултет во Скопје, за потпретседател д-р Харалампие Поленаковиќ, редовен професор на Филозофскиот факултет, а за секретар д-р Ѓорѓи Филиповски, редовен професор на Земјоделско-шумарскиот факултет.

Денес во Собранието на СРМ ќе се одржи седница на Претседателството на Советот на академиите на Југославија. На оваа седница ќе биде извршен прием на Македонската академија на науките и уметноста во Советот на академиите на СФРЈ. Потоа гостите ќе ги поздрави претседателот на Собранието на СРМ Мито Хаџивасилев, а на свеченото отворање на Македонската академија на науките и уметноста ќе говори и првиот претседател на МАНУ.



**Блаже Конески**

На оваа свеченост ќе присуствуваат делегации на сите академии од земјата, како и претседателот на Југословенската академија на науките и уметноста Грга Новак. **(В Ан.)**

ГОДИНА XXIII БРОЈ 7488 СКОПЈЕ, Ч

# ДЕНЕС ВО ОХРИД СЕДНИЦА НА МАТИЧНАТА КОМИСИЈА ЗА ИЗБОР НА ПРВИТЕ АКАДЕМИЦИ

## — НА УТРЕШНАТА СЕДНИЦА СЕ ОЧЕКУВА ДА БИДАТ УСВОЕНИ ПРЕДЛОЗИТЕ ЗА СИТЕ 14 КАНДИДАТИ, ПОЗНАТИ МАКЕДОНСКИ НАУЧНИ РАБОТНИЦИ

Денес во Охрид ќе се состане Матичната комисија за формирање на Македонската академија на науките и уметностите која ќе ги разгледа извршените подготовки за изборот на првите академици — редовни членови на МАНУ. Комисијата во состав: **д-р Милан Бартош**, потпретседател на Српската академија на науките и уметностите, во својство на претседател на Матичната комисија, потоа **Блаже Конески**, редовен професор на Филозофскиот факултет во Скопје, во својство потпретседател на комисијата, **проф. д-р Харалампие Поленаковиќ**, редовен професор на Филозофскиот факултет во Скопје, во својство секретар на комисијата и членовите: **д-р Мирослав Каршулин**, секретар на ЈАЗУ во Загреб, **д-р Братко Крефт**, редовен член на Словенечката академија на науките и уметностите, **Анте Бабиќ**, редовен член на Академијата на науките и уметностите на Босна и Херцеговина и **д-р Ксенте Богоев**, ректор на Скопскиот универзитет ќе предложи список на четиринаесет кандидати за редовни членови.

Овој список комисијата го утврди уште на својата прва седница на 26 април годинава, кога беа определени и рецензенти за сите кандидати. Неодамна пристигнаа рецензиите и тие се печатени во посебна публикација, а нивни автори се познати југословенски академици.

Утре на својата втора седница, Матичната комисија ќе го изврши изборот и се очекува дека ќе бидат прифатени предлозите за сите четиринаесет кандидати.

Денеска во Охрид се очекува да пристигнат сите членови на Матичната комисија.

**(В. Ан.)**

ОРГАН НА СОЦИЈАЛИСТИЧКИОТ СОЈУЗ НА РАБОТНИОТ НАРОД НА МАКЕДОНИЈА ПРВИОТ БРОЈ ИЗЛЕЗЕ НА 29 ОКТОМВРИ 1944 ГОДИНА ВО СЕЛО ГОРНО ВРАНОВЦИ УРЕДУВА РЕДАКЦИСКИ КОЛЕГИУМ ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК ТОШО ПОПОВСКИ. ВЕСНИКОТ ИЗЛЕГУВА СЕКОЈ ДЕН.

# НОВА МАКЕДО

ГОДИНА XXIII БРОЈ 7489

СКОПЈЕ, ПЕТОК, 18 АВГУСТ 1967 ГОДИНА

# ДЕНЕС ВО ОХРИД ИЗБОР НА ПРВИТЕ МАКЕДОНСКИ АКАДЕМИЦИ

## Вчера е одржана првата седница на Матичната комисија на која е утврден дневниот ред: потврдување на предлозите за 14-те кандидати

**Охрид, 17 август**

**Денес во зградата на Народниот музеј во Охрид се одржа свечена седница на Матичната комисија за формирање на Македонска академија на науките и уметностите. Матичната комисија во состав: д-р Милан Бартош, Блаже Конески, проф. д-р Харалампие Поленаковиќ, д-р Мирослав Каршулин, д-р Братко Крефт, Анте Бабиќ и д-р Ксенте Богоев, го утврди дневниот ред за утрешната седница што ќе се одржи исто така во зградата на Народниот музеј, и на која ќе биде извршен избор на првите редовни членови на МАНУ.**

На денешната седница пред присутните говореше претседателот на Матичната комисија д-р Милан Бартош, а гостите ги поздрави и потпретседателот на Општинското собрание на Охрид Никола Новевски.

На седницата присуствуваше и Злате Билјановски, потпретседател на Собранието на СРМ.

За гостите и членовите на Матичната комисија, колективот на Народниот музеј приреди коктел во зградата на Музејот.

На 26 април во Скопје се одржа првата седница на Матичната комисија, на која беше решено да се предложат 14 истакнати македонски научни работници за назначување во својство на редовни членови на Македонската академија на науките и уметностите. Тогаш беа определени и по двајца рецензенти за секој кандидат. Рецензиите пристигнаа на време и тие се позитивни за сите 14 кандидати.



**Претседателот на Матичната комисија академикот Милан Бартош се поздравува со Блаже Конески по пристигањето на Охридскиот аеродром**

Меѓутоа, дури на утрешната седница ќе биде решено дали сите 14 кандидати ќе бидат назначени за редовни членови на МАНУ.

Рецензиите за 14-те кандидати ги напишаа познати југословенски академици. Имињата на избраните академици ќе ги соопшти претседателот на Матичната комисија д-р Милан Бартош на втората седница, што ќе се одржи во текот на утрешниот ден. Последниот чин од формирањето на Македонската академија ќе се одржи во октомври, кога ќе биде извршено конституирање на Академијата, а ќе биде извршен и избор на претседател на МАНУ. И за ова ќе се расправа на утрешната седница на Матичната комисија. (В. Ан.)

# Лагос пред инвазија на бунтовничките сили

Лагос, 17 август (Ројтер — УПИ)

Лагос денес е соочен со опасност од „непосредна инвазија“ на бунтовничките сили, изјави федералниот министер за финансии Обафен Аволово.

Во разговор со раководителите на западната држава Ибадан тој рече дека луѓето треба да соработуваат со федералната влада заради намалување на сегашната бунтовничка област и судирите и отстранување на „инвазијата на Лагос и западната држава“.

Според извештаите што вчера пристигнаа во Лагос, авионите на федералната влада бомбардирале една електрична централа на реката Оја во Биафра. Во извештаите се вели дека оваа електрична централа е онеспособена и подоцна запалена.

Во судирот меѓу федералните и бунтовничките трупи на Бијафра, до кои дојде во селото Офуфо околу 290 км. источно од Лагос, на главниот пат меѓу Бенин и Ибадан, се убиени 100 војници на бунтовничките трупи на Бијафра.

# ПОСТИГНАТА СОГЛА НАДМИНУВАЊЕ НА К

- **Заврши посетата на претседателот Тито на ОАР**
- **Објавено соопштение за разговорите меѓу Тито и Насер**
- **Југословенскиот претседател вчера попладне со бродот „Галеб“ отпатува за татковината**

**Лазо Наумовски**
(наш специјален известувач)

**Александрија, 17 август (по телефон)**

**Околу 16 часот по југословенско а во 18 по локално време претседателот Тито и останатите членови на југословенската делегација ја напуштија Александрија на пат кон татковината. Како што е познато нашата делегација, што ја предводеше другарот Тито, се враќа дома со бродот „Галеб“.**

Додека бродот „Галеб“ беше усидрен во александриското пристаниште, домаќините на гатот топло ги поздравуваа своите срдечни пријатели, кои, како што пишуваат овдешните весници, и овој пат покажаа максимално интересирање и разбирање за арапскиот свет. Инаку, Александрија до денес беше центар на целата арапска нација, од каде со особено интересирање се очекуваат резултатите од разговорите меѓу претседателите Тито и Насер, одржани минатиот петок во палатата Кубех.

Срдечните разговори во Александрија се водени во некогашниот дворец на кралот Фарук Рас Ел Тин. Двете делегации беа дојдени во палатата Рас Ел Тин околу 11.20 часот. Разговорите почнаа точно во 11.30 часот. Од југословенска страна покрај претседателот Тито присуствуваа Едвард Кардељ и Владимир Поповиќ, членови на Советот на Федерацијата, Киро Глигоров, потпретседател на Сојузниот извршен совет, Мишо Павиќевиќ, помошник секретар за надворешни работи и амбасадорот на Југославија во ОАР Салко Феиќ. Во делегацијата на ОАР покрај претседателот Насер беа потпретседателите на владата Закерија Мохиедин, Хусен Сафеи, Али Сабри, Сидки Солиман, претседателот на Парламентот Ануар ел Садат, министерот за надворешни работи Махмуд Ријад, помошник-претседател на Насер за надворешни работи Махмуд Фавзи, амбасадорот Абу Зеид и генералниот секретар на Претседателството на Републиката Абдел Мегид Ферид.

Разговорите траеа два часа. По официјалните разговори, односно по пленарниот состанок, претседателите Тито и Насер заедно со Едвард Кардељ се задржаа во интимен разговор кој траеше еден час и 40 минути.

Како што сме известени од официјални извори на вчерашните разговори се утврдени заедничките ставови за натамошни политички акции во правец за решавање и надминување на кризата. Постигната е полна согласност во оценката на ситуацијата и начинот како таа да се отстрани. Решено е од сите досегашни разговори, водени во Каиро, Дамаск, Багдад и Александрија претседателот Тито да даде своја изјава за печатот.

Попладнето претседателот Насер приреди свечен проштален ручек за претседателот Тито и членовите на југословенската делегација. Ручекот мина во мошне пријатна и срдечна атмосфера.

Претседателот Тито и претседателот Насер во Александрија допатуваа синоќа. Специјалниот воз од Каиро пристигна во 20.30 часот по локално време на малата железничка станица Рас Ел Тин каде што двајцата претседатели ги поздрави гувернерот на Александрија Хамди Асур.

Патувањето од Каиро до Александрија што траеше три и пол часа, двајцата претседатели и нивните соработници го минаа во неформални разговори.

Додека „Галеб“ плови по Средоземјето, носејќи го назад во татковината претседателот Тито, по неговиот пат во ОАР, Сирија и Ирак, арапското јавно мислење и политичките кругови единствени се во оцен-

(Продолжува на 4 стр.)

# Избрани првите редовни членови на Македонската академија на науките и уметностите

(Продолжение од 1 стр.)

**● Д-р Милан Бартош: чувари на специфичностите на културата и науката на македонскиот народ**

Потоа професорот д-р Милан Бартош ја даде и следната изјава:

— Комисијата смета дека овие членови ќе ги преземат сите права и обврски, што впрочем ги налага а и ги обврзува на тоа законот, за да се развие Македонската академија на науките и уметностите во сите насоки: научна, кадровска и организациона. Тие, продолжи тој, ќе подготват Статут, ќе ја дополнат Академијата со нови кадри и ќе развијат широка научна и културна дејност.

— Ја користам оваа прилика, рече д-р Милан Бартош, од името на некои членови на Матичната комисија кои се од другите југословенски академии, да го изразам задоволството што учествувавме во работата на Матичната комисија. Со ова ја изразувам и надежта дека тие ќе се вклучат во работата на заедницата на сите академии во Југославија и како рамноправен член ќе работат на подигањето и развивањето на културата во Југославија и ќе бидат чувари на специфичностите на културата и науката на македонскиот народ, — рече на крајот од својата изјава д-р Милан Бартош.

Одлуката и изјавата на д-р Милан Бартош беше топло поздравена од присутните гости и членови на Матичната комисија.

Во октомври од редот, на првите македонски академици, што се избрани денес во Охрид, ќе биде извршен избор на претседател на МАНУ.

# Први македонски академици

Има историска симболика вчерашниот свечен чин во Охрид — изборот на први македонски академици. Овде, во овој град, каде што пред илјада години Климент Охридски го основа првиот македонски и словенски универзитет, четиринаесет истакнати имиња на нашата наука, култура и уметност станаа редовни членови на најмладата а воедно, за иднина, најзначајната научна институција во Социјалистичка Република Македонија.

Македонската академија на науките и уметностите, основана на 22 февруари 1967 година, речено е веќе и од најодговорни места, означува натамошна афирмација на македонската наука, култура и уметност. Во лицето на првите македонски академици — во нивните трудови, научни, уметнички и општествени ангажирања, во нивниот придонес за националната и општа култура е содржан само делот на постигањата во препородувањето на македонската нација.

Ден е и повод — и денес да се запише дека од непросветена земја, со незнатен број школи, без други научни, културни и просветни институции, за овие дваесетина и неколку години слободен живот во Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Социјалистичка Република Македонија широко се разви и во подрачјето на економиката и во подрачјето на науката, културата и уметноста. Од наша средина, тоа е радосен факт, делувајќи и афирмирајќи се во слободна земја, се вивнаа до високите дострели на признанието и првите македонски академици. Мнозмина од нив се пионери во богатото национално и революционерно препородување, темелници на најзначајни национални обележја, создатели на вонредни и признаени резултати.

Јавноста во Социјалистичка Република Македонија со големо задоволство го поздравува изборот на првите македонски академици. Тој поздрав, всушност, е и поздрав и благодарност кон она што го постигнала нашата социјалистичка заедница, високо признание на досегашниот подем на науката и уметничката мисла, поттик за иднината да се чекори незапирливиот од кон збогатувањето на научното, културното и уметничко делување.

Изборот на првите македонски академици во Охрид ќе остане забележан како голем историски чин и дата во историјата на Македонската академија на науките и уметностите, која туку што го почна својот живот а веќе остава траги во општиот, југословенски и светски багаж на научната, културна и уметничка мисла.

(И. З.)



Членовите на Матичната комисија на Македонската академија на науките и уметностите пред зградата на Музејот во Охрид

Снимил: А. Ивановски

ЧЕТИРИНАЕСЕТМИНА МАКЕДОНСКИ АКАДЕМЦИ. — НА 18 август во Охридскиот народен музеј се избрани првите редовни членови на Македонската академија на науките и уметностите. Изборот и прогласувањето го изврши Матичната комисија под претседателството на академикот д-р МИЛАН БАРТОШ.

За научната дејност и достигнувањата на првите македонски академци говорат во денешниот број познати југословенски академци кои и ги напишаа рецензиите за поддржување на предлозите.

(ОПШИРНО НА 8 СТРАНА)



Момент од првата седница на Матичната комисија на Македонската академија на науките и уметностите

# ПРВИТЕ АКАДЕМИЦИ ЌЕ БИДАТ ИЗБРАНИ ВО АВГУСТ

Под претседателство на **Златко Биљановски,** потпретседател на Собранието на СРМ, вчера се одржа прва седница на Матичната комисија што ќе изврши подготовки за почеток со работа на Македонската академија на науките и уметностите. На седницата се изврши конституирање на Комисијата.

— **Седница на Матичната комисија на Македонската академија на науките и уметностите**

— **За претседател на Комисијата е избран д-р Милан Бартош, за потпретседател проф. Блаже Конески, а за секретар д-р Харалампие Поленаковиќ**

За претседател е избран **д-р Милан Бартош,** потпретседател на Српската академија на науките и уметностите, за потпретседател проф. **Блаже Конески,** дописен член на Југословенската академија на науките и уметностите и дописен член на Српската академија на науките и уметности, а за секретар **д-р Харалампие Поленаковиќ,** дописен член на Српската академија на науките и уметностите. Веднаш потоа, под претседателство на д-р Милан Бартош, се одржа прва работна седница на Матичната комисија на која се заклучи вториот состанок, на кој ќе се изврши изборот на членови на Македонската академија на науките и

(Продолжува на 5 стр.)

## ...А ССЈ ...-НА 6 ЈУНИ

...ја Советот секоја година ќе додерува по една стипендија за изразито талентирани ученици за факултети и високи школи, за деца на работници, како и одлука за воведување на традиционална годишна награда „Први мај“ за најдобри остварувања во литературата, публицистиката и новинарството во Републиката на тема — од работните луѓе, животните услови и другите активности на работничката класа и, воопшто,

## ПОЛИТИКАТА НА ЗАПАДНА ГЕР... НАЈГОЛЕМА ОПАСНОСТ ЗА ЕВРОПСКА...

— **Заврши конференцијата на европските комунистички и работнички партии во Карлови Вари**

Карлови Вари, 26 април (Танјуг)

Конференцијата на европските комунистички и работнички партии заврши денес во 13 часот, со потпишува-



СЕДНИЦА НА МАТИЧНАТА КОМИСИЈА НА МАКЕДОНСКАТА АКАДЕМИЈА НА НАУКИТЕ И УМЕТНОСТИТЕ

# Првите академици ќе бидат избрани во август

(Продолжение од 1 стр.)

уметностите, да се одржи во втората половина на август годинава. На работниот дел од седницата Матичната комисија расправаше по прашањето за можните кандидати за членови на Македонската академија на науките и уметностите во областа на општествените и природно-математичките науки и на уметноста, и за нив определи референти меѓу редовните членови на четирите југословенски академии.

По завршувањето на седницата претседателот на Извршниот совет на СРМ Никола Минчев приреди ручек во Клубот на пратениците за членовите на Матичната комисија.

## Извонреден чин за македонскиот народ

Отворајќи ја седницата на Матичната комисија, потпретседателот на Собранието на СРМ Златко Биљановски, меѓу другото, рече дека е ова извонреден чин за македонскиот народ, за афирмација на неговите напори на културното поле — кога се пристапува кон создавање на највисока македонска научна и културна институција — Академија на науките и уметностите. Секако дека еден народ во својот сестран развој се стреми да им дава импулс на сите дејности во својата општествена заедница, создавајќи за тоа материјална и кадровска база. Во тој процес се изградува мрежа од институции што ќе бидат во состојба да создаваат кадри за стопанството и други области, како и да им даваат можност за творечка работа, со која единствено производството и практиката може да се постават на здравите основи на научните постигања.

Поаѓајќи од таквите поставки — рече Биљановски — нашата Република за релативно краток период од дваесетина години, постигна на сите полиња резултати што навистина можат да импонираат и да служат како поттик за натамошниот развој и за создавање услови за поарен живот на народот. Спрема тоа, основањето на Македонската академија на науките и уметностите се постави како задача што природно ја наложи сегашната фаза на нашиот развој. Никнувањето на нашата Академија не доаѓа ниту предоцна ниту прерано, туку претставува една неминовност во таа достигната фаза на развиеност како на општеството така и на научните институции, во која се бара так(в)а организација што ќе мо(ж)здружува напорите и да же уште поефикасно да ги дава поттик за посистематска и поорганизирана дејност во сите области на науките и уметностите.

Откако потоа се изврши конституирање на Матичната комисија, говореше д-р Милан Бартош, кој се заблагодари за изборот и ја изрази готовноста на сите четири југословенски академии на науките и уметностите да дадат нужна помош на Македонската академија на науките. д-р Бартош подвлече дека создавањето и работата на Македонската академија на науките и уметностите е дело на самиот македонски народ нагласувајќи дека Академијата се создава во право време, ниту прерано — ниту предоцна. **(С. Ш.)**

## Блажо Радоњиќ — нов секретар на Извршниот комитет на ПК на СК за Косово и Метохија

На денешната седница на Покраинскиот комитет на Сојузот на комунистите на Србија за Косово и Метохија, покрај разгледувањето на активноста на комунистите во спроведувањето на стопанската и општествената реформа во Покраината, се извршени и некои кадровски промени. Бидејќи Илија Вакиќ е избран за претседател на Покраинскиот Извршен совет, за нов секретар на Извршниот комитет на Покраинскиот комитет е избран Блажо Радоњиќ, досегашен претседател на Комисијата за меѓунационални односи на Покраинскиот комитет. Избрани се и членови на Претседателството на Покраинскиот комитет.